РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-797/8
14-04-2026 20 год.viti
Скопје-Shkup

Гипс и гипсени префабрикати
КНАУФ РАДИКА АД
Бр. 03-139/1
11.05. 2026 год.
ДЕБАР

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – градежен технички камен варовник на Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ-РАДИКА АД Дебар на локалитетот „Клакој", општина Дебар и општина Центар Жупа бр.57-1969/10 од 31 март 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 71/26) и членот 3 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - градежен технички камен варовник на локалитетот „Клакој", општина Дебар и општина Центар Жупа бр. 24-7387/1 од 05.12.2013 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ-РАДИКА АД Дебар
со адреса: 8-ми Септември 66 Дебар,
Република Северна Македонија
застапувано од лицата: Тодор Деловски и Јанис Краулис
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _________ 2026 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГРАДЕЖЕН ТЕХНИЧКИ КАМЕН ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КЛАКОЈ", ОПШТИНА ДЕБАР И ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – градежен технички камен варовник на локалитетот „Клакој", општина Дебар и општина Центар Жупа бр. 24-7387/1 од 05.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3
Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се продолжува за период од 20 години".

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - градежен технички камен варовник на локалитетот „Клакој", општина Дебар и општина Центар Жупа бр. 24-7387/1 од 05.12.2013 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - градежен технички камен варовник на локалитетот „Клакој", општина Дебар и општина Центар Жупа бр. 24-7387/1 од 05.12.2013 година, остануваат во сила непроменети.

| За Концедентот | За Концесионер |
| --- | --- |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ - РАДИКА АД Дебар |
| МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | Тодор Деловски |
| Сања Божиновска | Јанис Краулис |

Изработил: Љубица Лешоска Трајковска
Контролирал: m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Клакој - Дебар,Центар Жупа

**Минерална суровина:** Варовник

**Површина = 0.902110 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7464220 | 4597665 |
| 2 | 7463600 | 4598330 |
| 3 | 7463007 | 4597839 |
| 4 | 7463055 | 4597225 |
| 5 | 7463330 | 4597030 |
| 6 | 7463480 | 4597200 |
| 7 | 7463900 | 4597360 |